


Зборување со децата за

# ИЗБИРАЊЕ НА ПРОФЕСИЈА

LIVING DEMOCRACY

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

www.living-democracy.com

PH ZH
IPE – INTERNATIONAL PROJECTS IN EDUCATION
ZURICH UNIVERSITY OF TEACHER EDUCATION



# ИЗБИРАЊЕ НА ПРОФЕСИЈА

Целта на изборот на професија кај младите е да најдат професија што најдобро одговара на нивните интереси и вештини. Младите лица кои пронашле соодветна работа се позадоволни и продуктивни, имаат помал ризик од невработеност, се постабилни и помалку склони кон промена на професиите. Овие се важни предуслови за личен раст и развој на независна личност. Автономните граѓани, како овие, се критички важни за енергичните демократии. Само оние кои се информирани и вклучени можат да донесат независни и одговорни одлуки за заедничко живеење во демократски соживот.

Јадон, вашиот 15-годишен син, ја започнува последната година на задолжително образование. На информативниот состанок на родителите, наставникот ја потенцира важноста на претстојниот избор на професија на учениците, вклучително и поддршката на родителите за своите деца. Тој ги охрабрува сите да разговараат за темата дома и во семејството. Забележувате дека Јадон не зборува за темата избор на професија на своја волја. Така вие одлучувате да го вклучите во разговор за тоа. Но, како ќе успее таквиот разговор?

*Изберете од следниве опции и продолжете со читање на посочената страница:*




*Продолжете на [страница 3]!*




*Продолжете на [страница 4]!*




*Продолжете на [страница 5]!*

**„Неколку едноставни правила:**

Бидете вклучени, но не контролирајте

Советувајте, но не одлучувајте

Поддржувајте, но не доминирајте."[1]

***Дополнителни информации / материјали / видеа можете да најдете тука:***

QualifaX: База на податоци за понатамошно и високо образование во Ирска (Одделение за образование и вештини, Ирска)

http://www.qualifax.ie/index.php?option=com_content&view=article&id=179&Itemid=207




Сите родители го сакаат само најдоброто за своите деца. Во однос на замислената професија на нивните потомци, многу родители го поврзуваат изборот на професија со висок статус, сигурно вработување и добар приход. И многумина веруваат дека ова може да се постигне само со универзитетска диплома.

Сепак, заканите и покровителското однесување веројатно не се корисни за да го убедат Јадон за потребата да заврши училиште со добри оценки. Затоа е важно да се воспостави и одржи добра клима за дискусии. Ова исто така му дава можност на вашиот син да ја практикува својата демократска подготвеност. Притоа, мора да се воздржите од таканаречени деструктивни пораки. За совети и релевантни предлози, прочитајте на страница 6.

Обидете се да дознаете за интересите и професионалните аспирации на Јадон преку отворен разговор. Потоа, можете заеднички да ја преземете потрагата по соодветни работни места што одговараат на овие очекувања.

На страница 7 можете да најдете неколку важни совети и предлози за родители кои сакаат да го поддржат Јадон во неговата потрага по соодветно занимање.




Меѓу најважните предизвици за развој на адолесцентите е процесот на независност од семејството и родителите. Со тоа, изборот на професија е клучен, ако не и најважниот чекор во животот на младата личност кон независно и самоопределено постоење.

Бидејќи вие, како возрасна личност и родител, сте целосно свесни за големината на оваа одлука, сосема е разбирливо дека сакате да го поддржите и советувате вашиот син колку што е можно повеќе. Сепак, имајте на ум дека во крајна линија Јадон е тој кој ќе треба да живее со нив и да ги сноси последиците од неговата одлука. Тој ќе ја продолжи својата аспирација за кариерата поодржливо, и, следствено, да работи и да научи поинтензивно за тоа, ако самиот тој е тој што активно се одлучил за изборот на професија.

Затоа, препорачливо е да ја издржите неактивноста на вашиот син, иако можеби ви е тешко, наместо да ја пополните празнината  со свој активизам. Ако премногу се залагате за Јадон, тоа може да резултира во силна контра-реакција од негова страна. Сосема е можно дека, отсега, тој повеќе нема да може  да обрнува внимание на вас во врска со оваа тема.

За предлози и совети за тоа како тивко да го поддржите вашиот син, прочитајте на страница 7.




Изгледа дека го најдовте вистинскиот пристап да го вклучите вашиот син во разговор за неговата иднина. Честитки!

Ставете му до знаење на Јадон дека изборот на професија е само негов, исто како што тој мора да ги сноси последиците од тоа сам. Како и да е, како родители и соодветни компетентни лица со богато животно искуство и знаење, мора секогаш да му бидете на располагање за помош за какви било прашања и проблеми.

За дополнителни предлози и конкретни активности, продолжете со читање на страница 7.

## *Деструктивни пораки[2]*

Пораките и изјавите што можат да предизвикаат негативни чувства и реакции кај дете се нарекуваат деструктивни пораки. Родителите кои прибегнуваат кон деструктивни пораки не ги почитуваат и толерираат чувствата и мислите на нивните деца. Почитувањето и толеранцијата се основни демократски ставови и вие не успевате да им го пренесете тоа на вашите деца со вашите деструктивни пораки. Како резултат на тоа, вашето дете веројатно ќе одговори со кратки, одбранбени одговори, чувствувајќи се погрешно разбрано и деградирано. Овие видови на пораки доведуваат до конфликти и, понекогаш, целосно го прекинуваат процесот на комуникација.

Деструктивните пораки можат да го попречат психосоцијалниот развој на децата. Децата не се во можност да го развијат нивниот целосен потенцијал и силна личност ако слушнат само негативни, понижувачки пораки. Сепак, силните личности, почитуваните ставови и толеранцијата кон другите се основните барања за енергичните демократски општества.

### *Обуки*

За да ги направите вашите комуникациски вештини подемократски, прво треба да бидете свесни за вашите моментални комуникациски навики.

Во продолжение ќе најдете различни деструктивни пораки. Набљудувајте го вашето комуникациско однесување секој ден во една недела. Секој пат кога ќе користите една од наведените реченици кога комуницирате со вашето дете, повлечете линија зад оваа реченица.

### *Деструктивни пораки*

**Командување, наредување**

- Мора да…
- Ајде, подготви се…
- Кажи здраво…
- Однесувај се ...

**Укорување, опоменување, заканување**

- Ти секогаш правиш…
- Никогаш не правиш…
- Ако не… тогаш…
- Кога конечно…
- Колку често морам да ти кажам дека…

**Морализирање**

- Ние ќе бевме толку горди на тебе, но сега сме разочарани, затоа што не…
- Мама е навистина тажна затоа што си бил толку непристоен.
- Има илјадници гладни деца кои сакаат да го јадат ова.
- Некогаш лажго, секогаш лажго…

**Давање совети и споредување**

- Да бев на твое место, ќе ...
- Родителите на другите деца би…
- Твојата сестра секогаш ја уредува својата соба.
- Сите се согласуваат на ова. Но ти…

## *Како успешно да го поддржам моето дете во изборот на професија?*

- **Кој рано рани…** За да избегнете временски притисок, обидете се да се осврнете на темата на избор на професија во рана фаза. Така, ако сте неопределени, има доволно време за стажирање во разни професионални групи.
- **Аспирација за кариера:** Разговарајте со вашиот син за неговите желби, идеи и очекувања.
- **Исклучително важно:** Отвореност. Слушајте го смирено вашиот син. Иако многу од неговите идеи може да изгледаат нереални или недостижни за вас, не обидувајте се да го импресионирате него со сопственото гледиште за работите.
- **Немам идеја…** Ако Јадон воопшто нема идеја за тоа кој стручен правец да го следи, препорачливо е да размислите за следниве прашања:

  1. Што е тоа што ти особено уживаш да правиш? За што имаш страст? Кои се твоите хобија?
  2. Во кои професионални напори можеш да ги примениш овие вештини, во кои стручни области се особено потребни твоите јаки страни и способности? Кои професионални категории се занимаваат со прашањата за кои ти се грижишut?

- **За и против:** Ако аспирацијата за професијата на вашиот син е јасна, обидете се со него да формирате список за нејзините потенцијални предности и слабости. Може релативно брзо да се покаже дали очекуваното занимање е соодветно или можеби не толку добро.
- **Станете активни:** Поддржете го Јадон во потрага по информации за специфични професии и релевантни курсеви за обука. Но, оставете го самиот да си ја заврши работата, како на пример телефонски повици, закажување на состаноци со советници за кариера, составување материјали за апликација…
- **Пракса, пракса, пракса:** За многу млади луѓе, специфичните искуства со практично искуство се далеку покорисни во потрагата по кариера од пишаните описи на работата. Така, охрабрете го Јадон да проба релевантни работни места со посети на лице место или да добие информација од прва рака засновани на релевантни разговори со познаници и роднини за нивните професии.
- **Неуспеси:** Може да се појават неуспеси доколку мора да се размисли за друга професија или кога не е можно стажирање или практична обука. Во такви случаи, вие ја преземате важната функција да го охрабрите вашиот син да продолжи со потрагата и да не му ја закопате главата во песок.
- **Направете сами:** Колку и да ви биде тешко да прифатите: крајната одлука мора да биде само на вашиот син. Одлуката е најлесно да се спроведе доколку некој целосно стои зад неа. Исто така, мора да му биде јасно на вашиот син дека сам ќе мора да ги сноси последиците за својата одлука. Ова значи дека тој ја презема одговорноста за своето дејствување. Процесот на иницирање одлуки и живеење со последиците од нив е доживотно искуство. Покрај тоа, обврската на секој човек да донесува информирани одлуки и да преземе одговорност за нив е подеднакво важна за нашиот демократски начин на живот и соживот. Така, тешко може да се практикува доволно рано.

***„Зборување со децата за избирање на професија“ се заснова на следниве извори:***

[1] Квалифакс (Qualifax), национална база на податоци за учениците. Улогата на родителите во изборот на професија: Колку е важна улогата на родителот во процесот на водење во кариерата? База на податоци за натамошно и високо образование во Ирска (Одделение за образование и вештини, Ирска), превземено на 19.03.2019 година. http://www.qualifax.ie/index.php?option=com_content&view=article&id=179&Itemid=207

[2] НХојк-Маус, (Дорис Heueck-Mauss, Doris) . 2016. So rede ich richtig mit meinem Kind: Wie Worte wirken: Konflikte fair lösen: Stressfreier erziehen. Hannover: Humboldt, 74 ff

Хојк-Маус, (Дорис Heueck-Mauss, Doris) . 2016. So rede ich richtig mit meinem Kind: Wie Worte wirken: Konflikte fair lösen: Stressfreier erziehen. Hannover: Humboldt.

Курц, Сузана (Kurz, Susanne). 2014 година. «Unterstützen- nicht besser wissen!» Das Schweizer Eltern-magazin Fritz und Fränzi, Mai, 76-77.

Квалифакс (Qualifax), национална база на податоци за учениците. Улогата на родителите во изборот на професија: Колку е важна улогата на родителот во процесот на водење во кариерата? База на податоци за натамошно и високо образование во Ирска (Одделение за образование и вештини, Ирска), превземено на 19.03.2019 година. http://www.qualifax.ie/index.php?option=com_content&view=article&id=179&Itemid=207